РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА
Бр. 02-507/17
11 04 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот на Министерството за образование и наука за упис на ученици во јавните средни училишта во Република Македонија ,Законот за спортска академија (Службен весник на Република македонија„ бр.114/14 и 129/15), Одлуката на Владата за основање на спортска Академија (Сл. Весник на Р.М. бр.217 од 11 Декември 2015г од., Статутот на ДСУ Спортска Академија – Скопје , Училишната комисија на ДСУ Спортска Академија во состав

1. Дејан Јовановски - претседател
2. Небојша Ѓуковиќ - заменик претседател
3. Предраг Митковски - професор
4. Глигор Санев - професор
5. Жаклина Божиновска - член од УО
6. Мишо Крстиќ - член од УО

О б ј а в у в а:

## И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С

за пријавување за упис на ученици во прва година во второто пријавување во првиот уписен рок во учебната 2017/2018 год.

Во Државното средно училиште Спортска Академија – Скопје за наставен план за гимназиско образование - спортска академија паралелки за кошарка. ракомет , фудбал и тенис во учебната 2017/2018 год. во прва година, во првиот уписен рок ке се запишат паралелки за кошарка, ракомет, фудбал и тенис просторно сместени во седиштето на ДСУ Спортска Академија – Скопје и дисперзирани паралелки просторно сместени во:

СОУ „Кузман Шапкарев" – Битола - **фудбал;**

ОУТУ „Ванчо Питошевски" – Охрид, - **фудбал;**

СОУ Гимназија „Мирче Ацев" – Прилеп - **фудбал;**

СОСУ„Моша Пијаде" – Тетово - **фудбал;**

СОУ „Коле Нехтенин" – Штип - **фудбал.**

Во Спортската академија ќе се запишуваат редовни ученици кои завршиле основно образование, се стекнале со соодветен успех во основното образование во Република Македонија и имаат потврда за способности за спортски вештини, за спортот за кој ученикот е проверуван согласно со членот 9 став (2) од Законот за спортска академија (Службен весник на Република македонија„ бр.114/14 и 129/15),

**Право на упис имаат сите ученици кои завршиле основно образование и не се постари од 17 год. , ги поминале селекциите во спортот за кој што се определиле и за што се здобиле со потврда за успешно помината проверка на спортските вештини.**

**За пријавување за упис се потребни следните документи:**

1. Пријава за упис во прва год.
2. Оригинални свидетелства од VI до IX одд.
3. Оригинален извод од матичната книга на родените без оглед на датумот на издавање
4. Здравствен картон за имунизација
5. Нострифицирани документи и уверение за регулиран државјански статус за учениците кои едно или повеќе одделенија од основното образование ги завршиле во странство
6. Потврда за помината селекција издадена од спортската федерација
7. Додаток на свидетелство за положено екстерно проверување за IX одд.

Второто пријавување за упис ќе се врши на 05.07.2017 г.(среда) од 7 до 15 часот.

Резултатите од уписот ќе се објават на огласната табла на училиштето на 06 . 07. 2017 год.

Обврска е документите да ги поднесе лично ученикот, родителот или неговиот старател. Учениците од дисперзираните паралелки исто така документите ги доставуваат во седиштето на ДСУ Спортска Академија – Скопје

Учениците кои што нема да бидат примени се должни во рок од 48 часа по објавувањето на резултатите да ги подигнат документите.

11.04.2017 год.

С К О П Ј Е

Претседател на Училишна комисија,

Дејан Јовановски

Државно средно училиште СПОРТСКА АКАДЕМИЈА Република Македонија СКОПЈЕ